З А П И С Н И К
од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 јуни 2025 година

Скопје, јуни 2025 година

З А П И С Н И К
од Осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 5 јуни 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 11:10 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Јовица Андоновски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог - одлука за назначување на операторот на организираниот пазар на електрична енергија за номиниран оператор на пазар на електрична енергија-Немо во Република Северна Македонија

2. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки на Дневниот ред Владата ги донесе следните заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја донесе Одлуката за назначување на операторот на организираниот пазар на електрична енергија за номиниран оператор на пазар на електрична енергија-Немо во Република Северна Македонија.

<u>Точка 2</u>

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:15 часот.